***Број: 02 - 12352/2***
***24.07.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 24.07.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател. Отсутен поради службено патување во странство;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради службено патување во странство;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*

- *Слаѓана Николовска, началник на одделението за фармација (делумно присутни);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, седницата ја водеше Заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска. Таа ја отвори седницата, утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот*

**_П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д_**

- *Усвојување на записникот од XXXVI седница на УО одржана на 26.06.2008 година;*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Надоместок за услуга за аптеки;*
3. *Потврда за дефицитарност на лек (од три аптеки наместо пет);*
4. *Дежурни аптеки;*
5. *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бисфосфонати;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност;*
8. *Одлука за утврдување на оддалечени рурални места (утврдување на пречистен текст);*
9. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
11. *Разно.*

*Потоа праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Ромела Поповиќ Трајкова, предложи Управниот одбор да ги разгледа и Предлог Ребалансот на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година и Предлог одлуките за изменување на буџетските плафони на јавните здравствени установи како и Предлог одлуките за утврдување на*

*висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го плаќа на Воена болница - Скопје, Негорски бањи и Специјалната болница Филип Втори.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што го усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXXVI седница на УО одржана на 26.06.2008 година;*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Надоместок за услуга за аптеки;*
3. *Потврда за дефицитарност на лек (од три аптеки наместо пет);*
4. *Дежурни аптеки;*
5. *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бисфосфонати;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност;*
8. *Одлука за утврдување на оддалечени рурални места (утврдување на пречистен текст);*
9. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
10. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
11. *Ребаланс на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година, Предлог одлуки за изменување на буџетските плафони на јавните здравствени установи и Предлог одлуки за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го плаќа на Воена болница - Скопје, Негорски бањи и Специјалната болница Филип Втори;*
12. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXXVI седница на УО одржана на 26.06.2008 година;*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека треба да се допрецизира неговото искажување при усвојувањето на Записникот од XXXV седница, такашто треба да стои: „Љубиша Каранфиловски потсети дека матичните стоматолози одржаа протести. Протестите беа пред Министерството за здравство, па поради тоа ни недостигаат информации што договориле со Министерството како би можеле да одговориме на барањето.“*

*Исто така укажа дека при гласањето по барањето на Стоматолошката комора не треба да стои дека бил „против“ туку дека бил „против отфрлање на барањето“.*

*Со оваа забелешка, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXXVI седница одржана на 26.06.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка даде директорот Тренкоски. Тој наведе дека почнувајќи од 01.08.2008 година, Фондот повеќе нема да набавува лекови туку само ќе врши рефундации за лекови во примарната здравствена заштита. За тоа да тече непречено, треба да се направат некои измени во требувањето. Во врска со тоа, одржавме состаноци со Лекарската комора и Фармацевтската комора. И од нив добивме согласност за предлогот - да се утврдат референтни цени по кои Фондот ќе врши рефундации. Потоа за членовите на Управниот одбор ја објасни постапката во која осигурените лица на Фондот можат да добијат лекови во аптеките.*

*Снежана Костадиноска Милошеска и Љубиша Каранфиловски прашаа дали со утврдувањето на референтни цени може да дојде до појава аптеките да набавуваат само поскапи лекови за кои осигурените лица ќе треба да доплаќаат над референтната цена.*

*Директорот Тренкоски одговори дека и според искуствата од земјите со повисок животен стандард пациентите не сакаат да доплаќаат за поскапи лекови. Убедени сме дека така ќе биде и кај нас. Утврдувањето на референтна цена ќе ги натера аптеките и производителите да ги намалат цените и за поскапите лекови од истата генерика. Потоа додаде дека Бирото за лекови има утврдено значително повисоки единствени цени на лекови од референтните кои ги утврдува Фондот. Тоа е сторено поради нејасната законска регулатива за тоа која му овозможува на Бирото овие цени да ги утврдува и без барање на согласност од Министерот за здравство по што единствените цени се објавуваат само на интернет страницата на Бирото. За разлика од единствените цени, референтните цени утврдени од Управниот одбор на Фондот се објавуваат во Службен весник на Република Македонија, откако претходно ќе добијат согласност од Министерот.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска побара за следната седница на Управниот одбор да се покани директорот на Бирото за лекови за да го објасни значењето на единствените цени на лековите и како тие се утврдуваат.*

*Со предлогот се согласија и останатите членови на Управниот одбор по што се донесе*

***Заклучок:** За следната седница на Управниот одбор да се покани директорот на Бирото за лекови за да го објасни значењето на единствените цени на лековите и како тие се утврдуваат.*

*Борис Јосифовски праша како Фондот ќе обезбеди да има понуда за секој лек по референтната цена за осигуреното лице да може да го добие по таа цена. Ова особено што цените на пазарот може да се движат, па тие може да бидат и над референтната. Исто така праша дали утврдувањето на најниската цена како референтна значи дека политика на Фондот е да се купуваат најевтини лекови.*

*Директорот Тренкоски објасни дека цените се утврдуваат според цените во референтните земји адаптирани на наши услови според утврдена метологија. Цените ќе се утврдуваат еднаш годишно, па со тоа треба да се обезбеди тие да одговараат на актуелната состојба на пазарот. Потоа нагласи дека политика на Фондот е да се купуваат најевтините регистрирани лекови. Квалитетот на лекот кој е регистриран кај Бирото за лекови не може да се доведува во прашање.*

*Борис Јосифовски забележа и дека референтните цени се изразени со децимали што воопшто не е практично.*

*И останатите членови на Управниот одбор се согласија со забелешката по што Управниот одбор донесе*

***Заклучок:** Референтните цени почнувајќи од 2009 година да се изразуваат во цели броеви, без децимали.*

*Љубиша Каранфиловски го поддржа утврдувањето на референтните цени и укажа дека Фондот треба да има некаков механизам за стимулирање на аптеките во понудата да ги имаат лековите по референтна цена.*

*И Страшо Наумоски изрази задоволство од утврдувањето на референтните цени и ја пренесе и поддршката од Лекарската комора истовремено потсетувајќи дека Лекарската комора токму за тоа се залагала и од порано. Додаде и дека очекува дека платежната моќ на граѓаните ќе ги принуди аптеките да држат лекови по референтната цена. Ако Фондот најде за потребно да се изградат механизми за поттикнување на аптеките да имаат лекови по референтни цени, Управниот одбор такви механизми ќе поддржи.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша каков ќе биде финансискиот ефект од воведувањето на референтните цени за Фондот.*

*Директорот Тренкоски одговори дека не се очекува никаков финансиски ефект туку единствено очекување е обезбедување на подобра достапност на лековите за осигурените лица. Додаде и дека поради воведувањето во договорите со здравствените установи на целта - рационално пропишување на лекови, постигнато е матичните лекари да пропишуваат помалку рецепти а од друга страна е зголемен процентот на искористени пропишанаи рецепти.*

*По ова, Слаѓана Николовска ги запозна членовите на Управниот одбор подетално со генериките за кои е предложена референтна цена по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 2-*** *Надоместок за услуга за аптеки*

*Директорот Тренкоски објасни дека Фондот треба да ги стимулира аптеките да работат во негова полза. Надоместокот треба да се зголеми зашто е зголемен и товарот на аптеките. Предлогот е надоместокот да се зголеми за 20% до 25% за сите скалила од Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт. Се поставува прашање дали зголемувањето треба да биде само кај најевтините лекови што најчесто се издаваат или да биде процентуално за сите ценовни групи утврдени во Одлуката.*

*Потоа членовите на Управниот одбор прашуваа што се влегува во услугата што ја врши аптеката а за што Фондот плаќа надоместок. Истакнаа дека е подобро ако зголемувањето биде процентуално за сите ценовни групи.*

*По добиените објаснувања од директорот Тренкоски, Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека за да се зголеми надоместокот на аптеките треба да се има сознание како тоа ќе се одрази на средствата на Фондот.*

*Директорот Тренкоски одговори дека според пресметките на Фондот на годишно ниво ќе треба да исплатат околу 20 милиони денари повеќе.*

*Потоа, предлогот за зголемување беше ставен на гласање и Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт***

*со која надоместокот за аптеките за лековите со цена од 0,00 - 150,00 денари е зголемен од досегашните 10 на 12 денари, за лековите со цена од 150,01 - 500,00 денари е зголемен од досегашните 30 на 35 денари, за лековите со цена од 500,01 - 1.000,00 денари е зголемен од досегашните 50 на 60 денари, за лековите со цена од 1.000,01 - 3.000,00 денари е зголемен од досегашните 70 на 100 денари, за лековите со цена од 3.000,01 - 7.000,00 денари е зголемен од досегашните 100 на 150 денари, за лековите со цена од 7.000,01 - 23.000,00 денари е зголемен од досегашните 150 на 200 денари.*

***ТОЧКА 3-*** *Потврда за дефицитарност на лек (од три аптеки наместо пет)*

*Лазар Трајчев објасни дека според сегашната состојба, осигурените лица на за да можат да го остварат правотото на рефундирање на средства за набавен лек кој е на Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, треба да обезбедат потврда за недостаток од тој лек од пет аптеки. Заради поедноставување на остварувањето на ова право предлагаме во иднина тоа да се остварува со обезбедени три потврди.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која утврди дека осигурените лица на Фондот, за остварување на правото на рефундирање на средства за набавен лек кој е на Листата на лекови на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, треба да обезбедат потврда за дефицитарност на лек од три аптеки.*

***ТОЧКА 4-*** *Дежурни аптеки - По оваа точка не се расправаше.*

***ТОЧКА 5-*** *Листа на лекови на товар на ФЗОМ – Бисфосфонати*

*Директорот Тренкоски објасни дека бисфосфонатите се на Листата на лекови на товар на ФЗОМ но според сегашната состојба на Листата е само најевтината генерика. Сметаме дека треба на Листата да бидат повеќе генерики по спецификација, и тоа по дефинираната дневна доза, но само на болничката листа а не и за издавање во аптека по рецепт.*

*Борис Јосифовски посочи дека тоа значи дека лекот ќе се издава на товар на болницата и праша дали болницата ќе има интерес таквиот лек да го применува.*

*И Љубиша Каранфиловски праша дали овие лекови ќе бидат во корелација со буџетите на болниците бидејќи со нивната употреба болниците ќе имаат поголеми трошоци.*

*Директорот Тренкоски одговори дека Фондот нема да се меша со какви лекови лекуваат болниците. Тоа е право на лекарот. Додаде дека сегашната состојба е неиздржлива и дека доколку овие лекови се издаваат и во аптека по рецепт од*

*матичните лекари, тоа за нив ќе биде големо оптоварување. Подобро е издавањето да оди преку болниците. Доколку има рефундација, таа ќе биде по дефинираната дневна доза. Истовремено со вклучувањето во Листата на лекови на товар на ФЗОМ, треба да се утврдат и референтни цени за овие лекови. Сметаме дека ова најдоброто решение*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

**_Одлука_**
**_за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија_**

*со која во Листата на лекови на товар на ФЗОМ се вклучени:*

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MO5BA02 | Clodronic acid | 1.600 mg | O | Капсули | 400 mg | * |
| MO5BA02 | Clodronic acid | 1.600 mg | O | Филм обложени таблети | 800 mg | * |
| MO5BA07 | Risedronic acid | 5 mg | O | Филм обложени таблети | 5 mg | * |
| MO5BA07 | Risedronic acid | 5 mg | O | Филм обложени таблети | 35 mg | * |
| MO5BA06 | Ibandronic acid | 5 mg | O | Филм обложени таблети | 50 mg | * |
| MO5BA06 | Ibandronic acid | 5 mg | O | Филм обложени таблети | 150 mg | * |
| MO5BA02 | Clodronic acid | 1.500 mg | P | Раствор за инфузија | 60 mg/ml | * |
| MO5BA06 | Ibandronic acid | 6 mg | P | Раствор за инфузија | 2 mg/2 ml | * |
| MO5BA06 | Ibandronic acid | 6 mg | P | Раствор за инјекции | 3 mg/3 ml | * |
| MO5BA06 | Ibandronic acid | 6 mg | P | Раствор за инфузија | 6 mg/6 ml | * |
| M05BA08 | Zoledronic acid | 4 mg | P | Раствор за инфузија | 4 mg/5 ml | * |
| M05BA08 | Zoledronic acid | 4 mg | P | Раствор за инфузија | 5 mg/100 ml | * |
| MO5BA03 | Pamidronic acid | 60 mg | P | Раствор за инфузија | 15 mg/5 ml | * |
| MO5BA03 | Pamidronic acid | 60 mg | P | Раствор за инфузија | 30 mg/10 ml | * |
| MO5BA03 | Pamidronic acid | 60 mg | P | Раствор за инфузија | 30 mg/2 ml | * |
| MO5BA03 | Pamidronic acid | 60 mg | P | Раствор за инфузија | 60 mg/4 ml | * |
| MO5BA03 | Pamidronic acid | 60 mg | P | Раствор за инфузија | 90 mg/6 ml | * |
| R03BB04 | Tiotropium bromide | 18 mcg | Inh. | Прашок за инхалирање, капсула | 18 mcg | * |

*и за истите лекови утврди референтни цени кои се вклучени во Одлуката донесена под точка 1.*

***ТОЧКА 6-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка од дневниот ред даде Слаѓана Пешевска. Таа објасни дека искуството од работењето на лекарските комисии во изминатите две години покажа дека контролата е слаба. Како резултат на тоа, од месец во месец бројот на боледувањата расте. За надминување на оваа состојба, предлагаме претседателите на комисиите да бидат професионалци вработени во Фондот со што ќе се зголеми контролата. Во поголемите подрачни служби треба да има и администратор. За пополнување на овие работни места во еден дел ќе се искористат работници кои и сега работат во Фондот и подрачните служби.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали лекарските комисии се на платниот список на Фондот.*

*Лазар Трајчев одговори дека членовите на лекарските комисии, освен во Подрачната служба Скопје не се вработени во Фондот, а за работата во комисијата се платени по обработен предмет. За Фондот би било поевтино кога би биле на платниот список на Фондот. Ако барем претседателот на комисијата е вработен во Фондот, тој и ќе го штити интересот на Фондот.*

*Слаѓана Пешевска дополни дека тоа е последна мерка што Фондот може да ја превземе за стабилизирање на состојбата со прекумерното издавање на боледувања од страна на лекарските комисии. На прашањата од членовите на Управниот одбор, дали воведувањето на овие работни места нема да значи дополнителни вработувања додаде дека поголемиот дел од местата ќе се пополнат од вработени во Фондот, а работните места на кои сега работат ќе се укинат.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 7-*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа измена на Одлуката е предложена заради прецизирање што се е вклучено во услугата за која е утврдена референтната цена. Тоа со оглед на фактот што секоја референтна цена значи комплетна услуга.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија објаснувањето по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност***

***ТОЧКА 8-*** *Одлука за утврдување на оддалечени рурални места (утврдување на пречистен текст)*

*Лазар Трајчев објасни дека Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места претрпе три измени од кои последната по иницијатива на Министерството за здравство значеше вклучување на поголем број на рурални амбуланти. Од таа причина, заради полесна примена на Одлуката се укажа потреба за утврдување на пречистен текст.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали Фондот има сознанија за досегашниот финансиски ефект од последното проширување на листата на рурални места.*

*Лазар Трајчев одговори дека се јавуваат здравствени установи од тие подрачја заинтересирани за склучување на договори со Фондот но дека сеуште не е направена анализа за финансискиот ефект.*

*По ова објаснување, Управниот одбор го утврди пречистениот текст на*

***Одлуката***
***за утврдување на оддалечени рурални места***

*и донесе*

***Заклучок:*** *Фондот да изготви анализа за финансиските ефекти од проширувањето на листата на рурални места.*

***ТОЧКА 9-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа измена на Правилникот е предложена заради уредување на здравствената заштита на нашите осигуреници при патување во земји со кои имаме склучено договор. Со новиот начин на уредување се прави разлика меѓу краткотрајните и подолготрајните престои во странство а со цел да се поедностави постапката за осигурените лица кои краткотрајно престојуваат во странство.*

*Страшо Наумоски праша дали терминолошката разлика помеѓу потврда и лекарско уверение, ќе значи суштинска разлика во начинот на остварување на правата при патувањата во странство.*

*Лазар Трајчев објасни дека со ова се овозможува на лицата кои престојуваат во странство краткотрајно (одмор, студиски престој, престој во врска со меѓународна-техничка, научна и културна соработка и сл.) да добијат образец со потврда од матичниот лекар, додека за подолготраен престој ќе остане истата постапка.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство***

***ТОЧКА 10-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека овој Предлог - Правилник се однесува на измена на рецептниот образец. Имено, се предлага во образецот да се впишува и референтната цена на лекот. Тоа ќе биде од корист за осигурените лица а за лекарите нема да претставува оптоварување.*

*Страшо Наумоски истакна дека во врска со ова прашање, Лекарската комора утврди мислење дека ваква промена на рецептниот образец е непотребна, односно дека лекарот не би требало да ја внесува референтната цена. Ваквиот став го дели и Фармацевтската комора.*

*По ова, Предлог - Правилникот е ставен на гласање.*

*Сите членови на Управниот одбор гласаа против предлогот.*

***ТОЧКА 11-*** *Ребаланс на буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година, Предлог одлуки за изменување на буџетските плафони на јавните здравствени установи и Предлог одлуки за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го плаќа на Воена болница - Скопје, Негорски бањи и Специјалната болница Филип Втори.*

*По оваа точка објаснување даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека врз основа на член 91 став 3 од Законот за здравствена заштита и член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, Владата на Р.Македонија на седницата одржана на ден 08.07.2008 година донесе Одлука за поделба на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје. Со оваа Одлука ЈЗУ Универзитетски клинички центар-Скопје се подели на 30 јавни здравствени установи-Универзитетски клиники. Фондот за здравствено осигурување на Македонија врз основа на донесената Одлука на Владата ги изготви следните Предлог-буџети за одделните ЈЗУ Универзитетски клиники. Предлог-буџетите на Универзитетските клиники се*

*однесуваат за период од 11.07.2008 до 31.12.2008 година, односно од денот на влегувањето во сила на Одлуката за поделба на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар-Скопје до крајот на 2008 година. Овие буџети пак со оглед на зголемените рефундации треба да се зголемат како и буџетите на некои други јавни здравствени установи. Потоа ја објасни методологијата по која е вршено ребалансирањето на буџетските плафони. Во таа смисла беше одржана и средба со директорите на болниците на која им беше презентирана состојбата.*

*Членовите на Управниот одбор потоа поставуваа прашања за одредени ставки од објаснувањето кое беше доставено како материјал во врска со оваа точка.*

*На крајот Ромела Поповиќ Трајкова додаде и дека се укажува потреба и за зголемување на надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ - Скопје на осигурените лица на Фондот поради тоа што во ова болница има зголемување на бројот на операции. Исто така треба да се утврди висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени на осигурените лица Природно лекувалиште-Негорски бањи-АД Негорци-Гевгелија и на Воена болница-Скопје.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на буџетски плафони на ЈЗУ Универзитетски клиники за 2008 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Воена болница-Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Природно лекувалиште-Негорски бањи-АД Негорци-Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

*и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Специјалната болница по кардиохирургија Филип Втори-Скопје на осигурените лица на Фондот во 2008 година***

***ТОЧКА 12-*** *РАЗНО*

*12.1 Изменување и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека предложената измена се однесува на Подрачната служба Кичево и тоа во ставката „вкопување и поставување на цистерна“ што не се одразува на вкупниот износ на средства во Инвестиционата програма за оваа подрачна служба. Средствата се обезбедени од ставките „влезна ПВЦ врата“ и „адаптација на подрумска просторија“ кај кои се намалува висината на предвидените средства.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја усвои предложената*

***Измена и дополнување на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година***

*12.2 Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека е настаната промена околу денот на отпочнување на постапката и дека од секторот за информатика поради значително зголемување на обемот на работата е побарано и зголемување на средствата за нови сервери. Покрај тоа, треба да се внесе и ставка за угостителски услуги. Тоа е потребно од причина што според важечкиот Закон за јавни набавки во времето на изготвување на Планот за јавни набавки, угостителските услуги не се набавуваа по пат на јавна набавка. Актуелниот закон тоа го бара па затоа е предложена и оваа измена.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*12.3 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за овластување на Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев ги запозна членовите на Управниот одбор со писмото на Адвокатската комора на Македонија во врска со долговите што некои адвокати ги имаат кон Фондот по основ на неплатен придонес. Во писмото се бара начин за решавање на долговите и се истакнува специфичната позиција на адвокатите поради која од банките не можат да добијат банкарска гаранција. Додаде и дека банкарската гаранција според Одлуката за овластување на Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија е услов за склучување на судска спогодба за плаќање на долгот на рати и истовремено издавање на потврди за платен придонес од страна на Фондот. Од Адвокатската комора исто така бараат долговите да се плаќаат без камата, што не може да се прифати од причина што според Законот за здравственото осигурување, за ненавремено платен придонес се плаќа камата.*

*По објаснувањето се отвори кратка дискусија, по која Управниот одбор го прифати предлогот и едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за овластување на Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се овозможи со адвокатите против кои е поведена судска постапка заради долг по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување, да се склучуваат судски спогодби за плаќање на долгот на најмногу 10 еднакви месечни рати и издавање на потври за платен придонес доколку го признаат главниот долг со каматите и судските трошоци.*

*12.4 Продолжување на договорот со сообраќајниот вештак*

*Лазар Трајчев потсети дека Фондот има ангажирано сообраќаен вештак. Тоа од причина што во постапките за надоместок на трошоците за лекување на осигуреници на Фондот повредени во сообраќајни незгоди, често пати осигурителните друштва не го исплаќаат целиот баран износ на надоместокот. Како најчеста причина се наведува дека и осигуреникот на Фондот придонел во настанувањето на незгодата. Сообраќајниот вештак дава стручно мислење, кое за правната служба на Фондот е од решавачко значење при одлучувањето дали за непризнатиот дел од бараниот надоместок да се продолжи постапката пред суд или не. Без мислењето на сообраќајниот вештак постои ризик постапката се продолжи а исходот биде неуспешен, што би го изложило Фондот на судски трошоци. Доколку пак не се продолжи постапката, можно е во некои случаи Фондот да се откаже од надоместок што по судски пат би можел да го оствари. Ангажирањето на вештакот е преку авторска агенција со договор на шест месеци. Од работењето во досегашниот период може да се каже дека работењето на сообраќајниот вештак има голем позитивен ефект.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер***

*со која договорот со сообраќајниот вештак се продолжува за период од уште шест месеци.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 14.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на Претседателот,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***